СЧР

Дел. број: 02-2/74
Датум: 02-11-2021
Број на страници: ________

Врз основа на член 57, став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и 96/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/2019 и 110/2019), министерката за одбрана донесе

# РЕШЕНИЕ

## за формирање на Работна група за координација, мониторинг и евалуација на имплементацијата на Вториот национален акциски план за имплементација на Резолуцијата на Организацијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност" 2020 – 2025 – стратегиска рамка

1. Предмет

1.1. Со ова Решение се определуваат координаторка и членови на Работната група за координација, мониторинг и евалуација на имплементацијата на Вториот национален акциски план за имплементација на Резолуцијата на Организацијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност" 2020 – 2025 – стратегиска рамка , како и нивните задолженија во насока на спроведување на оперативните планови за негова имплементација.

1.2. Целта на Работната група од точка 1.1 е:

да спроведува активности за координација, поддршка и давање на упатства за чинителите на национално и локално ниво, да обезбеди одговорен и транспарентен процес на мониторинг и евалуација на напредокот за исполнување на стратешките цели дефинирани во Вториот национален акциски план 2020 – 2025 – стратегиска рамка.

2. Носител, координатор и учесници

2.1. За координаторка на Работната група се определува: потполковник Антониела Станковска Будимир, Сектор - Служба за воена безбедност и разузнавање.

2.2. За членови на Работната група се определуваат:

- потполковник Страшо Стојчевски – Сектор за меѓународна соработка;
- потполковник Томе Пеев –ВП 7925/01 Петровец;
- потполковник Игор Станковски – ВП 7925/13 Тетово;
- Миневере Лесковица – Сектор за човечки ресурси;
- Андриела Арсовска Илиевска – Сектор за човечки ресурси;
- мајор Александра Доневска – ВП 2803/01 Скопје;
- мајор Блерим Баранца – ВП 1969/01 Петровец;
- мајор Мери Стаменковска Бошковска – ВП 2803/80 Скопје;
- мајор Александар Грижев –Воена академија;
- цивилно лице Ленче Белчовска – ВП 2803/14 Скопје.

3. Задолженија

3.1. Се задолжува координаторката од точка 2.1 да ги преземе следните активности:

- да координира со работата на Работната група;
- да ја координира изработката на Годишните планови за работа на Работната група;
- да го координира процесот на работа со чинителите на национално и локално ниво во насока на спроведување на активностите за мониторинг, анализа и известување за спроведување на стратегиските цели дефинирани во стратегиската рамка и оперативните планови за имплементација на Вториот национален акциски план;
- да ги координира активностите за известување до надлежните национални институции, со цел ефикасно спроведување на надзорот од страна на истите;
- да ги координира активностите од областа на родовата перспектива во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија;
- да го следи спроведувањето на обврските кои произлегуваат од Методологијата и Стратегијата за родово одговорно буџетирање;
- на годишно ниво и по потреба да ги известува авторитетите во министерството за резултатите од имплементацијата на Вториот национален акциски план.

3.2. Се задолжува Работната група од точка 2.2 да ги преземе следните активности:

- да ја следи имплементацијата на Резолуцијата 1325 „Жени, мир и безбедност" и последователните резолуции;
- да учествува во имплементацијата на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство на Република Северна Македонија (2018 – 2023);
- да учествува во активности за интегрирање на родовата перспектива во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија;
- да врши мониторинг и евалуација, сублимирање на извештаи од чинителите на национално и локално ниво и подготовка на извештај за степенот на реализација на оперативните планови за имплементација на Вториот национален акциски план;
- да изработува периодични и годишни извештаи и анализи за работата на Работната група;
- да креира и редовно ажурира наменска база на податоци со цел чување на целокупната документација поврзана со Вториот национален акциски план;
- да учествува во работата на НАТО Комитетот за родова перспектива, СЕДМ иницијативата, иницијативата САД – Јадранска повелба (А5) и во други проекти, активности и иницијативи;
- да ја следи имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и мажите во соработка со координаторката и заменик координаторката за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за одбрана;
- да соработува со сите организациони единици во Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија и Воената академија при планирање

на активности во програмите и потпрограмите од Годишниот план за работа на Министерството за одбрана;

- да соработува со меѓународни и граѓански организации.

3.3. За потребите на Работната група, за одделни прашања координаторката по потреба може да иницира формирање на дополнителни работни групи.

- Сите организациони единици во Министерството за одбрана, Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, командите и единиците на Армијата на Република Северна Македонија и Воената академија се одговорни за спроведување на активностите од Оперативниот план за имплементација на Вториот национален акциски план.

3.4 Работната група да дава стручна поддршка при планирање и спроведување на активностите од Оперативниот план за имплементација на Вториот национален акциски план на сите организациони единици во Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија и Воената академија.

3.4. Со стапување на сила на ова решение престануваат да важат Решението бр.02-2/17 од 31.01.2019 година, Решението бр.02-86/1 од 04.01.2021 година и Решението бр.02 – 86/2 од 07.09.2021 година.

4. Влегување во сила

4.1. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изработил/а: Елена Иванова, Сектор за човечки ресурси

Миневере Лесковица, Сектор за човечки ресурси

Контролирал/а: Предраг Кочовски, потполковник, Сектор за човечки ресурси

Согласна: Паула Гилевска, шефица на Кабинет на Министерката за одбрана

Одобрил: Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана

Радмила Шекеринска Јанковска
Министерка за одбрана

Доставено до: Архива, Кабинет на МО, Кабинет на ЗМО, Кабинет на НГШ, Државен секретар, сите ОЕ во МО, Воена академија, координаторка на работната група, членови на работната група.